ПОЧИТУВАН ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КР. ПАЛАНКА ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ, ПОЧИТУВАНИ СОРАБОТНИЦИ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ПОЧИТУВАНИ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА, ПРЕСТАВНИЦИ НА ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ, ПОЧИТУВАНИ ПРЕТСТАВНИЦИ НА МПЦ, ПРЕСТАВНИЦИ НА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ , ПРЕСТАВНИЦИ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ , ПРИВАТНИ СТОПАНСТВЕНИЦИ, ПРЕТСТАВНИЦИ НА МЕДИУМИТЕ , ОСТАНАТИ ПРИСУТНИ, ДРАГИ ГОСТИ, СОГРАЃАНИ - ДАМИ И ГОСПОДА.

НА КРАЈОТ СМЕ НА УШТЕ ЕДНА ГОДИНА, КОГА ВООБИЧАЕНО СЕ НАВРАЌАМЕ НА ПРЕДИЗВИЦИТЕ, ЗАЛОЖБИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ СО КОИ СМЕ СЕ СООЧИЛЕ ВО ИЗМИНАТИОТ ГОДИШЕН ПЕРИОД И КОГА ГО ПРАВИМЕ ЗАВРШНИОТ БИЛАНС ЗА ПОСТИГАЊАТА, РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ГОДИШНИТЕ ПРОГРАМИ, НО И ЗАЦРТАНИ ПЛАНОВИ И РАЗВОЈНИ ПРОЕКЦИИ ЗА НАРЕДНАТА ГОДИНА. ВРЕМЕ КОГА РАМИСЛУВАМЕ И ЗБОРУВАМЕ ЗА ЛИЧНИТЕ И ЗА ЗАЕДНИЧКИТЕ УСПЕСИ И НЕУСПЕСИ И ПРАВИМЕ СТРАТЕГИЈА КАКО ПОУСПЕШНО И ПОПРОДУКТИВНО ДА РАБОТИМЕ НАРЕДНАТА ГОДИНА.

ЗАД НАС ОСТАНУВА УШТЕ ЕДНА ГОДИНА, ГОДИНА КОЈА СЛОБОДНО МОЖЕМЕ ДА КАЖЕМЕ ДЕКА ЗА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА БЕШЕ И ПОВЕЌЕ ОД УСПЕШНА. ГОДИНА ВО КОЈА СЕ АПЛИЦИРАА, ДОБИЈА И РЕАЛИЗИРАА МНОГУ ПРОЕКТИ. ГОДИНА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА МНОГУ ПРОЕКТИ ОД СИТЕ СФЕРИ И НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНАТА, ГОДИНА НА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ТРЕНДОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ВЕТЕНОТО.

ПОЧИТУВАНИ ПРИСУТНИ!

СВЕДОЦИ СТЕ ДЕКА ВО ИЗМИНАТИТЕ НЕКОЛКУ ГОДИНИ ВИДНО СЕ ВЛОЖУВА ВО ИЗГРАДБАТА НА ОПШТИНАТА , ПРОДОЛЖУВАМЕ СО ИЗГРАДБАТА НА НОВИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ, А ИЗГРАДИВМЕ И МЕСТА КОИ ВИДНО ГО РАЗУБАВУВААТ ГРАДОТ, ГОЛЕМО ВНИМАНИЕ ПОСВЕТИВМЕ ВО НАДОГРАДУВАЊЕ НА ГРАДСКАТА КУЛТУРА НА ЖИВЕЕЊЕ, А И ВО ВГРАДУВАЊЕТО НА КУЛТУРАТА КАКО ОБЕЛЕЖЈЕ НА ОПШТИНАТА, ПРЕКУ РАЗНИ КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ. ПОСВЕТИВМЕ ПОСЕБНО ВНИМАНИЕ И НА СПОРТОТ И ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО КЛУЧНИ ЧИНИТЕЛИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И РАЗВОЈОТ НА ЗДРАВА МЛАДА ПОПУЛАЦИЈА. ПРАВИМЕ ОГРОМНИ НАПОРИ ЗА ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА ИНВЕСТИТОРИ И ОТВАРАЊЕ НА НОВИ РАБОТНИ МЕСТА, ИЛИ СО ЕДЕН ЗБОР КАЖАНО СЕ СТРЕМИМЕ ЗА ПОДОБАР И ПОКВАЛИТЕТЕН ЖИВОТ НА СИТЕ НАС.

ПОЧИТУВАНИ ДАМИ И ГОСПОДА!

ОВА Е МОЈА ОСМА ГОДИНА ПО РЕД НА ФУНКЦИЈАТА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, И ВО ОВАА ПРИЛИКА ЌЕ ПОВТОРАМ, ДЕКА ГОЛЕМА ЧЕСТ И ПРЕДИЗВИК Е ДА СЕ ТВОРИ И ДА СЕ КРЕИРА РАЗВОЈОТ НА СОПСТВЕНАТА ОПШТИНА, ТОА ВОЕДНО Е И ГОЛЕМА ОБВРСКА КОЈА ЈА ПРЕЗЕМАМ ЈАС И ТИМОТ ШТО РАБОТИ СО МЕНЕ. ВО ОВАА ПРИГОДА БИ САКАЛ ДА ИЗРАЗАМ ОГРОМНА БЛАГОДАРНОСТ ДО СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА , ДО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОСЕБНО ДО ВЛАДАТА НА Р. МАКЕДОНИЈА ЗА ПОДРШКАТА КОЈА МИ ЈА ДАВАА ВО АПЛИЦИРАЊЕ, ДОБИВАЊЕ, ОДНОСНО ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЕКТИТЕ КАКО И ВО РЕАЛИЗАЦИРАЊЕ НА АПЛИЦИРАНИТЕ ПРОЕКТИ.

ПОЧИТУВАНИ ПРИСУТНИ!

СИТЕ НИЕ СМЕ СВЕСНИ ДЕКА НАПРЕДОКОТ И РАЗВОЈОТ НА ЕДНА ОПШТИНА ВО НАЈГОЛЕМ ДЕЛ ЗАВИСИ И ОД ТОА КАКОВ ПРИСТАП И КАКВО РАЗМИСЛУВАЊЕ ЗА НЕЈЗИНИОТ РАЗВОЈ ИМААТ ЛУЃЕТО ШТО ЈА ВОДАТ ОПШТИНАТА, ОДНОСНО ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ, ИЛИ ПОРАНО ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА ОПШТИНИТЕ. ГРАЃАНИТЕ НИВ ГИ ВРЕДНУВАЛЕ, ГИ ВРЕДНУВААТ И ГИ ПАМЕТАТ СПОРЕД ОНА ШТО ТИЕ НАПРАВИЛЕ ЗА ИЗГРАДБАТА И РАЗВОЈОТ НА ОПШТИНАТА, ОДНОСНО СО ШТО СЕ ВГРАДИЛЕ ВО ОПШТИНАТА.

И ТОКМУ ТУКА Е НАПРЕДОКОТ НА ОПШТИНАТА. ДОКОЛКУ НИЕ ЛУЃЕТО КОИ ЈА ВОДИМЕ ОПШТИНАТА СЕ НАТПРЕВАРУВАМЕ ВО ТОА КОЈ ПОВЕЌЕ ДОМАЌИНСКИ ЌЕ РАБОТИ И КОЈ ПОВЕЌЕ УБАВИ РАБОТИ ЌЕ НАПРАВИ ЗА ОПШТИНАТА ОД ПРЕТХОДНИЦИТЕ, ТОГАШ

НАЈГОЛЕМА КОРИСТ ОД ТОЈ, УСЛОВНО КАЖАНО НАТПРЕВАР ИМА САМАТА ОПШТИНА И ГРАЃАНИТЕ КОИ ЖИВЕАТ ВО НЕА.

ИНАКУ ВО ОВАА ПРИЛИКА САКАМ ПОСЕБНО ДА ПОТЕНЦИРАМ ДЕКА ВО ВОДЕЊЕТО И РАЗВОЈОТ НА ОПШТИНАТА ГОЛЕМА ОДГОВОРНОСТ ИМААТ И САМИТЕ СОВЕТНИЦИ ВО СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА КРИВА ПАЛАНКА. ЗАТОА ШТО СИТЕ ОДЛУКИ КОИ СЕ ОД ВИТАЛНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОПШТИНАТА СЕ ОДОБРЕНИ ТОКМУ ОД НИВ. НОРМАЛНО Е СЕКОГАШ НИВНИТЕ СТАВОВИ И РАЗМИСЛУВАЊА ДА НЕ СЕ ИСТИ, ДА НЕ СЕ ПОКЛОПУВААТ, ДА СЕ РАЗЛИКУВААТ - И ТОА Е ДОБРО. ДОБРО КОГА ИМАМЕ БОРБА НА РАЗНИ МИСЛЕЊА, НО ВАЖНО Е ТИЕ МИСЛЕЊА ДА СЕ ВО ИНТЕРЕС НА ОПШТИНАТА И ГРАЃАНИТЕ. ПРОБЛЕМ Е КОГА СЕ СООЧУВАМЕ СО ПОНЕСЕНОСТ, ОД ПОЛИТИЧКИТЕ ПРЕДРАСУДИ И СУБЈЕКТИВНОСТА, ТОГАШ РАЗЛИЧНИТЕ РАЗМИСЛУВАЊА МОЖЕ ДА СЕ НАЈГОЛЕМАТА ПРЕЧКА ЗА ИДНИНАТА НА НАШИОТ ГРАД, ЗА НАШАТА ОПШТИНА И НАШИТЕ ГРАЃАНИ.

ПРОЕКТИТЕ КОИ ГИ РЕАЛИЗИРАВМЕ ВО ТЕКОТ НА 2016ГОДИНА СЕ ВИДЛИВИ, МЕРЛИВИ И ПОЗИТИВНО ПОДРЖАНИ ОД СТРАНА НА ГРАЃАНИТЕ НА КРИВА ПАЛАНКА.

ВО КРИВА ПАЛАНКА, САМО ВО ТЕКОТ НА 2016ГОДИНА СЕ ИЗГРАДИЈА БРОЈНИ УЛИЦИ, ПАТИШТА, ВОДОВОДИ, КАНАЛИЗАЦИИ, ПАТЕКИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ, СЕ РЕАЛИЗИРАА БРОЈНИ КУЛТУРНИ НАСТАНИ , ЗА КОИ МОЖАМ СО ДИГНАТА ГЛАВА ДА КАЖАМ ДЕКА СЕ ГОРДЕАМ СО ТОА. ВО ПРЕТХОДНИТЕ МОИ ОБРАЌАЊЕ ВО ПРЕСРЕТ НА НОВАТА 2016ГОДИНА, НАЈАВИВ ГРАДЕЖНА ОФАНЗИВА И ГРАДЕЖНА ЕКСПАНЗИЈА ЗА 2016 ГОДИНА И ТОА НАВИСТИНА СЕ СЛУЧИ.

ВО ОВАА ПРИЛИКА ЌЕ НАБРОЈАМ ДЕЛ ОД ПРОЕКТИТЕ КОИ ГИ РЕАЛИЗИРАВМЕ ВО ИЗМИНАТАТА ГОДИНА, ПРОЕКТИ КОИ СЕ ВО ТЕК КАКО И НЕКОЛКУ ПРОЕКТИ КОИ ЌЕ ЗАПОЧНАТ СО РЕАЛИЗАЦИЈА ВО 2017 :

ЗАВРШЕНИ ПРОЕКТИ КОИ ГИ РЕАЛИЗИРАВМЕ ВО 2016 ГОД СЕ:

- ИЗГРАДЕН Е ЛОКАЛЕН ПАТ ВО С. ВАРОВИШТЕ ОД МОТЕЛОТ МАКЕДОНИЈА ДО МАНАСТИРОТ СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ ВО ДОЛЖИНА ОД 2.3КМ Т.Н.(РУСКИ ПАТ). И НА ИСТИОТ ПАТ ЗАРАДИ ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ НА КРИТИЧНИТЕ МЕСТА ПОСТАВЕНА Е И ЕЛАСТИЧНА ОДБОЈНА ОГРАДА ВО ДОЛЖИНА ОД ОКОЛУ 500 М.

-ИЗГРАДЕН Е ЛОКАЛНИОТ ПАТ ВО С. ЖИДИЛОВО ВО ДОЛЖИНА ОД 1КМ,

- ДОИЗГРАДЕН Е ОПШТИНСКИОТ ПРИСТАПЕН ПАТ ВО С. КРКЉА (ЛОВЕЧКА КУЌА) ДО ЕЗЕРЦЕ (КАЛИН КАМЕН) ВО ДОЛЖИНА ДО 2КМ,

-ДОИЗГРАДЕН Е ЛОКАЛЕН ПАТ ВО С. ГРАДЕЦ ЛОКАЦИЈА ОД УЧИЛИШТЕТО ДО ИСПОСНИЦАТА НА СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ, ОДНОСНО АСФАЛТИРАЊЕ НА ПОСЛЕДНАТА ДЕЛНИЦА ВО ДОЛЖИНА ОД 350М. СО ШТО ЗАВРШУВАМЕ СО АСФАЛТИРАЊЕ НА ПАТОТ ДО ИСПОСНИЦАТА.

- ГО РЕАЛИЗИРАВМЕ СПОРЕД МЕНЕ НАЈВАЖНИОТ ПРОЕКТ ВО ОПШТИНА КР ПАЛАНКА ЗА КОЈ ЗНАМ ДЕКА СЕ ЗБОРУВА И СЕ БАРА РЕАЛИЗИРАЊЕ ПОВЕКЕ ОД 30 ГОДИНИ, А ТОА Е ПРОЕКТОТ ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА КРИВА ПАЛАНКА ВИСОКА ЗОНА ЛЕВ БРЕГ . СО ОВОЈ ПРОЕКТ ГО РЕШАВАМЕ ПРОБЛЕМОТ СО ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА КР. ПАЛАНКА

-ИЗГРАДЕНА Е ПЕШАЧКА ПАТЕКА, ОДНОСНО Т.Н. ПАЗАРСКА ПАТЕКА ВО МИНОР КОРИТОТО НА КРИВА РЕКА ОД ЛЕВА СТРАНА ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ ОД ПАЗАРОТ ДО УЧИЛИШТЕТО ЈОАКИМ КРЧОВСКИ ВО ДОЛЖИНА ОД ОКОЛУ 300 М,(Т.Н. ПАЗАРСКА ПАТЕКА) СО РЕГУЛАЦИЈА НА ДЕЛ ОД ДОЛОТ КАЈ НИМУЛИЈА И ПРИСТАПНИ СКАЛИ КОН ЈОАКИМ КРЧОВСКИ, А ПОТОА ГО ПРОДОЛЖИВМЕ ОВОЈ ПРОЕКТ УШТЕ 400 МЕТРИ ДО ЉИЉАКОВ МОСТ, СО ИЗГРАДБА НА УШТЕ ЕДЕН МОСТ НА ДУРАЧКА РЕКА И ПРИСТАПНИ СКАЛИ НА ЉИЉАКОВ МОСТ. СМЕТАМ ДЕКА СО ОВА НАПРАВИВМЕ ЕДНО НОВО РАЗУБАВУВАЊЕ НА ГРАДОТ И КОРИСНА

ПАТЕКА КОЈА СЕ ПОЧЕСТО СЕ КОРИСТИ ОД СТРАНА НА ГРАЃАНИТЕ И ВО ПАЗАРСКИОТ ДЕН, А И КАКО РЕКРЕАТИВНА ПАТЕКА.

-ВО ТЕКОТ НА ПРЕТХОДНИОТ ПЕРИОД ПОРАДИ ПОЈАВА НА ОГРОМНО СВЛЕШИШТЕ ВО С. ДУРАЧКА РЕКА МОРАВМЕ ДА ИНТЕРВЕНИРАМЕ И ДА НАПРАВИМЕ -ДЕЛУМНА САНАЦИЈА НА НОВОПОЈАВЕНОТО ОГРОМНО СВЛЕЧИШТЕ, КАКО И ПРОБИВАЊЕ НА НОВ АЛТЕРНАТИВЕН ПАТ СО ПРЕМИНИ ПРЕКУ ДУРАЧКА РЕКА

-ИСТО ТАКА ГО САНИРАВМЕ И СВЛЕЧИШТЕТО НАД МАНЕВСКИ МОСТ НА ЛОКАЛЕН ПАТ КОН С. ДУРАЧКА РЕКА СО ИЗРАБОТКА И ПОСТАВУВАЊЕ НА НАД 200 ГАБИОНИ ВО 2,3 И 4 РЕДА ВО ДОЛЖИНА ОД ОКОЛУ 150 М. И ОДВОЗ НА ПРЕКУ 1000 М3 СВЛЕЧЕН МАТЕРИЈАЛ, А ПОТОА ГО САНИРАВМЕ И ДРУГОТО СВЛЕЧИШТЕ НАД ОВА, ВО ДОЛЖИНА ОД ОКОЛУ 50 МЕТРИ СО ОКОЛУ 100ГАБИОНИ ПОСТАВЕНИ ВО РЕДОВИ СПОРЕД УСЛОВИТЕ КОИ ДИКТИРААТ.

-ИЗВРШИВМЕ И САНАЦИЈА НА АРМ.БЕТ. МОСТ КАЈ МИЗОВСКИ ЛИВАДИ (Т.Н. ШАРОВ МОСТ) КОЈ БЕШЕ ОШТЕТЕН ОД ПОПЛАВИТЕ И ПОВТОРНО СТАВАЊЕ ВО УПОТРЕБА КАКО И -САНАЦИЈА И ДОИЗГРАДБА НА КОЛСКО –ПЕШАЧКИ МОСТ КАЈ М.В. БАЗА ВО С. ДЛАБОЧИЦА И ПОВТОРНО СТАВАЊЕ НА ИСТИОТ ВО Ф-ЈА

-ВО ОВОЈ ПЕРИОД ИСТО ТАКА ИЗВРШИВМЕ И САНАЦИЈА, ОДНОСНО АСФАЛТИРАЊЕ И ДОАСВАЛТИРАЊЕ НА ПОМАЛИ ДЕЛОВИ ОД УЛИЦИ КАКО И КРПЕЊЕ НА УДАРНИ ДУПКИ И ТОА:

1. ЈА ПРЕАСВАЛТИРАВМЕ УЛИЦА ИЛИНДЕНСКА

2. АСВАЛТИРАВМЕ ДЕЛ ОД УЛИЦА ОСОГОВСКА

3. ДОАСВАЛТИРАВМЕ ДЕЛ ОД ПРИСТАПЕН ПАТ КОН ДИВЈАНСКА МААЛА ВО НАСЕЛБА БАГЛАК

4. АСВАЛТИРАВМЕ ВО ( АМБАР МААЛО )

5. НАПРАВИВМЕ АСВАЛТИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД УЛ.РАТКО МИНЕВ - НАСЕЛБА БАГЛАК

6. АСВАЛТИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД УЛИЦА НАСКО ТАМБУРКОВ

7. ГО АСВАЛТИРАВМЕ КРУГОТ НА ЗДРАВСТВЕН ДОМ И ЗАРАДИ ПОДОБРА БЕЗБЕДНОСТ И КОМУНИКАЦИЈА НАПРАВИВМЕ И НОВ ПРИСТАПЕН ПАТ ОДНОСНО ИЗЛЕЗЕН ПАТ ОД БОЛНИЦАТА.

8. АСВАЛТИРАВМЕ ДЕЛОВИ НА УЛИЦА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ КАДЕ ШТО АСФАЛТИРАВМЕ 5 КРАКА

9. ПОСТАВИВМЕ НОВ СЛОЈ НА АСФАЛТ ВО УЧИЛИШНИОТ ДВОР ВО УЧИЛИШТЕТО ЈОАКИМ КРЧОВСКИ, А ВОЕДНО ПОСТАВИВМЕ И НОВ СЛОЈ АСФАЛТ НА Т.Н ГРАДЕЧКИ МОСТ

- ГО АСВАЛТИРАВМЕ ПАТОТ ОД БОРЧЕВА КАФЕАНА ДО МОСТОТ КОН МИЗОВСКИ ЛИВАДИ (ШАРКОВ МОСТ)

11. ЈА АСФАЛТИРАВМЕ УЛИЦАТА 8МИ СЕПТЕМВРИ ВО ОСИЧКА МААЛА

АСФАЛТИРАВМЕ И ДРУГИ ПОВРШИНИ СО КОИ НАПРАВИВМЕ ПОДОБРА ФУНКЦИОНАЛНОСТ НА ДОБАР ДЕЛ ОД УЛИЦИТЕ, КАКО И ПОДОБАР ПРИСТАП НА ГРАЃАНИТЕ.

-ЗАВРШЕНИ СЕ РАБОТИТЕ НА ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО С. КОНОПНИЦА , СО ШТО ОПШТИНАТА ДОБИ УШТЕ ЕДЕН СПОРТСКИ ТЕРЕН НА КОЈ ЌЕ МОЖЕ ДА ИГРААТ И СПОРТУВААТ МЛАДИТЕ ОД КОНОПНИЦА, МОЖДИВЊАК, ТЛМИНЦИ И ДРУГИ НАСЕЛБИ .

ЗАВРШЕНА Е ДОИЗГРАДБАТА НА ВТОРИОТ ДЕЛ ОД ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО СЕЛО МОЖДИВЊАК ВО ДОЛЖИНА ОД 5,5 КМ, СО ЧЕТИРИ МИНИ ПРЕЧИСТИТЕЛНИ СТАНИЦИ СО ШТО ОВАА СЕЛО ДОБИ КАНАЛИЗАЦИОНЕН СИСТЕМ ВО ДОЛЖИНА ОД ОКОЛУ 12 КИЛОМЕТРИ .

ИЗГРАДЕНА Е КАНАЛИЗАЦИЈАТА ВО НАСЕЛБА МАНЕВЦИ ВО ДОЛЖИНА ОД 1,5КМ КАКО И КАНАЛИЗАЦИЈАТА ВО СЕЛО ДЛАБОЧИЦА ВО ДОЛЖИНА ОД 700МЕТРИ

КАКО ПРОЕКТИ КОИ СЕ ВО ТЕК И НА КОИ И ВО МОМЕНТОТ РАБОТИМЕ СЕ:

- ИЗГРАДБА НА ДЕЛ ОД ПРИСТАПНА УЛИЦА „АЦО ШОПОВ“ ВО НАСЕЛБА ЛОЗАНОВО -КРАК 1 ВО ДОЛЖИНА ОД 350М,

-ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ВО С. КОНОПНИЦА ОД А2 КАЈ ТОПОЛКИТЕ ДО ДОМОТ ВО СЕЛОТО ВО ДОЛЖИНА ОД 800М

- РЕКОНСТРУКЦИЈА И ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТЕН ПРАВЕЦ ВО -С. КОНОПНИЦА НА ПОТЕГОТ ОД - ДЕЛОВОТЦИ - КУЛА- ЦРКВА - ВО ДОЛЖИНА ОД 1.100М,

ОВИЕ ТРИ ПРОЕКТА СЕ ВО ВРЕДНОСТ ОД ОКОЛУ 290.000.00 ЕВРА ОД КОИ КАКО ГРАНТ ПРЕКУ МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СЕ 260.000.00 ЕВРА, А ОСТАНАТОТО Е СОПСТВЕНО УЧЕСТВО НА ОПШТИНАТА

-СВЕДОЦИ СМЕ ДЕКА ДЕНОВИВЕ ЗАПОЧНА И СО ДОРЕГУЛАЦИЈА НА ДЕЛ ОД БЕЛЕВСКИ ДОЛ ВО ДОЛЖИНА ОД 450М НА ПОТЕГОТ ОД УЛ.СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ ОДНОСНО ОД КАЈ ПОРАНЕШНА ТИВКА НОЌ ДО ВЛИВОТ ВО КРИВА РЕКА. СО ОВОЈ ПРОЕКТ И АМБИЕНТАЛНО ЌЕ ГО РАЗУБАВИМЕ ОВОЈ ДЕЛ НА ГРАДОТ И КЕ ГО РЕГУЛИРАМЕ ДОЛОТ, ЗА ДЕ НЕ ПРАВИ ШТЕТА НА ГРАЃАНИТЕ КОИ ЖИВЕАТ ВО ОВОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ.

КАКО ПРОЕКТИ КОИ КЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ТЕКОТ НА 2017ГОДИНА СЕ:

-ЌЕ ЗАПОЧНЕМЕ СО ПРОДОЛЖЕТОКОТ НА ИЗГРАДБА НА ОПШТИНСКИ ПРИСТАПЕН ПАТ ВО С. КРКЉА (ЛОВЕЧКА КУЌА) ДО ЕЗЕРЦЕ (КАЛИН КАМЕН) ВО ДОЛЖИНА ДО УШТЕ 740 М, А ПОРОА ПЛУС 360МЕТРИ ИЛИ ВКУПНО ОКОЛУ 1100МЕТРИ. СО ОВА ЌЕ СЕ СТИГНЕ ДО ЕЗЕРЦЕТО НА КАЛИН КАМЕН, КОЈ ПРЕДЕЛ Е МОРА ДА ПРИЗНАЕМЕ СЕ ПОВЕЌЕ ПОСЕТУВАН ОД СТРАНА НА КРИВОПАЛАНЧАНИ, А И ОД ДРУГИ ГОСТИ, А НАША ЦЕЛ Е ДА ГО НАПРАВИМЕ ПЛАНИНСКА ТУРИСТИЧКА АТРАКЦИЈА.

-КЕ СЕ РЕКОНСТРУИРААТ ДВЕТЕ САЛИ ВО ОПШТИНАТА И ТОА ОВАА КАДЕ ШТО СМЕ СЕГА КАКО И МАЛАТА САЛА. ОВОЈ ДЕЛ ЌЕ ДОБИЕ ПОСЕБЕН МОДЕРЕН АМБИЕНТ СО НОВИ СОДРЖИНИ КОИ ЌЕ БИДАТ НАВИСТИНА НЕШТО СО ШТО ЌЕ МОЖЕМЕ ДА СЕ ПОФАЛИМЕ. ЗА ОВОЈ ПРОЕКТ СРЕДСТВАТА СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ПРЕКУ ЕВРОПСКАТА УНИЈА ОДНОСНО ПРЕКУ ПРЕКУГРАНИЧНИТЕ ПРОЕКТИ.

- ВО ПЛАН НИ Е И ИЗГРАДБА НА УШТЕ НЕКОЛКУ ПАТНИ ПРАВЦИ И ТОА

-ПАТОТ ВО С. ТРНОВО ОД СПОЈОТ ПРЕД ЦРКВАТА ЗАОБИКОЛНИЦА ПРЕКУ УЧИЛИШТЕТО ДО ПОСТОЈНИОТ АСФАЛТ

-ВО С. КОНОПНИЦА ПЛАНИРАМЕ ДА СЕ ИЗГРАДИ УШТЕ ЕДЕН ПАТ ОД КУЛА ПРЕКУ ЛИСКА, СТУБЛИЦА ДО М2

-ВО С. ГРАДЕЦ ПЛАНИРАМЕ ДА ГО ИЗГРАДИМЕ ПАТОТ ОД МАГИСТРАЛНИОТ ПАТ М2 ДО КРСТАТА ПАДИНА

-ИСТО ТАКА ПЛАНИРАМЕ ДА ПОЧНЕМЕ СО ДОАСФАЛТИРАЊЕ НА ПАТОТ ВО МИЗОВСКИ ЛИВАДИ

-ВО ПЛАН СМЕ ДА ЗАПОЧНЕМЕ СО ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА РЕКРЕАТИВНА ПАТЕКА СО ПРОПРАТНИ СОДРЖИНИ ВО ДЕЛОТ НА СТАРАТА ВАДА, ОДНОСНО НАД ЦЕВКОВОДОТ НА ВИСОКА ЗОНА ЛЕВ БРЕГ. ОВА ЌЕ БИДЕ УШТЕ ЕДНО РЕКРЕАТИВНО МЕСТО ВО КРИВА ПАЛАНКА ОДНОСНО НОВ ПАРК. ПРОЕКТОТ ЗА ОВАА ПАТЕКА Е ВЕЌЕ ИЗГОТВЕН.

-ВОЕДНО САКАМ ДА ИСТАКНАМ ДЕКА Е ПРЕДАДЕНО ФИШЕТО И ПРОЕКТНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД ВОДОВОДЕН СИСТЕМ ВО ГРАД КРИВА

ПАЛАНКА СО ЗАМЕНА НА АЗБЕСТНО-ЦЕМЕНТНИ ЦЕВКИ, КАДЕ ШТО Е ПРЕДВИДЕНО ДА СЕ РЕКОНСТРУИРААТ ПЕТ КРАКА ВО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД ОКОЛУ 2800 М ВО ВРЕДНОСТ ОКОЛУ 15.000.000 ДЕН. (СРЕДСТВАТА СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ПРЕКУ МТВ-ГРАНТ)

ПОЧИТУВАНИ ПРИСУТНИ!

КАКО ОПШТИНА ИЗМИНАТАТА ГОДИНА НЕУМОРНО РАБОТЕВМЕ И НА ПЛАНОТ НА КУЛТУРАТА, И ВО ОВОЈ ДЕЛ ЌЕ ИСТАКНАМ ДЕКА И ОВАА ГОДИНА ПРОДОЛЖИВМЕ СО ТРЕНДОТ НА КОНТИУНИРАНО ПРИРЕДУВАЊЕ НА КУЛТУРНИ НАСТАНИ. И ОВАА ГОДИНА ИМАВМЕ МНОГУ КУЛТУРНИ НАСТАНИ КАКО И ПРЕТХОДНИТЕ ГОДИНИ. МОЖАМ СЛОБОДНО ДА КАЖАМ ДЕКА ГРАЃАНИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ НАСТАНИ И ВО РАМКИТЕ НА ПАЛАНЕЧКОТО КУЛТУРНО ЛЕТО, А И ВОН КУЛТУРНОТО ЛЕТО УЖИВАА ВО БРОЈНИТЕ КУЛТУРНИ НАСТАНИ КОИ СЕ ОРГАНИЗИРАА ВО НАШАТА ОПШТИНА. ТУКА ЌЕ ГИ СПОМЕНАМ:

-ОСМОТО ИЗДАНИЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“ КОЈ ВЕЌЕ СТАНУВА БРЕНД НА КРИВА ПАЛАНКА. НА ОТВАРАЊЕТО НА ФЕСТИВАЛОТ И НА ТЕАТАРСКИТЕ ВЕЧЕРИ ПРИСУСТВУВАА ГОЛЕМ БРОЈ НА ГОСТИ ЉУБИТЕЛИ НА ТЕАТАРСКАТА УМЕТНОСТ, ДОАЈЕНОТ НА МАКЕДОНСКОТО ГЛУМИШТЕ Г-ЃА МИЛИЦА СТОЈАНОВА, ОВОГОДИНЕШНИОТ ЛАУРЕАТ ЈЕЛЕНА ЖУГИЧ И ДРУГИ.

- СЕ ОДРЖА И ОВАА ГОДИНА ДВАНАЕСЕТИОТ ПО РЕД ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ „СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“, НА КОЈ ИМАВМЕ ПРОМОЦИЈА НА ФОЛКЛОРОТ И КУЛТУРАТА НА ГРУПИ ОД МАКЕДОНИЈА, СРБИЈА, БОСНА, РОМАНИЈА, БУГАРИЈА, ТУРЦИЈА И СЛОВАЧКА .

-ПО ПЕТИ ПАТ СЕ ОДРЖА МУЗИЧКАТА МАНИФЕСТАЦИЈА "ЏОИ ФЕСТ", НА КОЈА ПОМЛАДИТЕ, А И ПОВОЗРАСНИТЕ КРИВОПАЛАНЧАНИ ДО УТРИНСКИТЕ ЧАСОВИ ГИ ЗАБАВУВАА РОК ГРУПИ ОД КРИВА ПАЛАНКА, ОД МАКЕДОНИЈА КАКО И ПОЗНАТАТА МУЗИЧКА ГРУПА ВАН ГОГ ОД БЕЛГРАД .

И ОВАА ГОДИНА ВО НАШИОТ ГРАД СЕ ОДРЖА ПО ПЕТТИ ПАТ БАСКЕР ФЕСТ НА КОЈ СО РАЗНИ ВЕШТИНИ И АКРОБАЦИИ СЕ ПРЕСТАВИЈА ГОСТИТЕ ОД РАЗНИ ЗЕМЈИ НА СВЕТОТ .

-ОСМИ ПАТ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА И АМК „ОФФ РОАД ОСОГОВО“ СЕ ОДРЖА РЕВИЈАЛНАТА СПОРТСКА МАНИФЕСТАЦИЈА „РЕЛИ КАЛИН КАМЕН 2016“, А ПОД МОТОТО ДА ГИ ЗАПОЗНАЕМЕ УБАВИНИТЕ НА ОСОГОВСКИТЕ ПЛАНИНИ.

ПОВТОРНО СЕ ОДРЖА ВО С. КОНОПНИЦА НЕВЕСТИНСКОТО ПОКЛОНЕНИЕ НА СВ. ТЕОДОР ТИРОН, А ПОТОА И МЕЃУНАРОДНИОТ КОНКУРС ЗА КАРИКАТУРА НА ТЕМА СНАА И СВЕКРВА, СО КОЈ СЕ ПРЕТСТАВИВМЕ ВО НЕКОЛКУ ГРАДОВИ ВО МАКЕДОНИЈА И НАДВОР ОД НЕА.

И ОВАА ГОДИНА ОПШТИНАТА ПРОДОЛЖИ ДА ГИ СТИПЕНДИРА НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ. И ОВАА ГОДИНА ПО ОСМИ ПАТ ДОДЕЛЕНИ СЕ СТИПЕНДИИ ЗА 4 НАЈДОБРИ УЧЕНИЦИ- СРЕДНОШКОЛЦИ И 4 НАЈДОБРИ СТУДЕНТИ.

ВО 2014 ГОДИНА ВО СОРАБОТКА СО ШВАЈЦАРСКАТА АМБАСАДА ВО ОПШТИНАТА СЕ НАПРАВИ ЕДЕН НОВ НАЧИН НА КРЕИРАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА, ПРЕКУ ФОРУМИ ВО ЗАЕДНИЦАТА И СО АКТИВНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ БЕШЕ СОСТАВЕН БУЏЕТОТ ПА И И ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ОПШТИНАТА. ПО 2014 ГОДИНА ПОУЧЕНИ ОД ОВАА ПОЗИТИВНА ПРАКТИКА НИЕ КАКО ОПШТИНА ПО ОВОЈ ТЕРК ВЕЌЕ ДВЕ ГОДИНИ ПРАВИВМЕ ИСТО ТАКА НЕКОЛКУ ФОРУМСКИ СЕСИИ ЗА КРЕИРАЊЕ НА БУЏЕТОТ И ОВАА РАБОТА УСПЕШНО ЈА РЕАЛИЗИРАВМЕ. ИМЕНО СЕСИИТЕ ГИ НАПРАВИВМЕ ПОВТОРНО ВО РЕСТОРАНТОТ ОБЛАЧЕ ВО ЕДНА ПОДРУГА АТМОСВЕРА И ЈАС ЛИЧНО ПРИЈАТНО СУМ ИЗНЕНАДЕН ОД УЧЕСТВОТО ЗАИНТЕРЕСИРАНОСТА И АНГАЖИРАНОСТА НА ГОЛЕМ БРОЈ НА ГРАЃАНИ. ЗА ВОЉА НА ВИСТИНАТА ОПШТИНАТА СЕКОЈА ГОДИНА ИМАШЕ ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ ЗА КРЕИРАЊЕ НА БУЏЕТОТ, НО ОВОЈ НАЧИН СЕ ПОКАЖА КАКО ПОПРОДУКТИВЕН И ВО НАРЕДНИТЕ ГОДИНИ ЌЕ ПРОДОЛЖИМЕ НА ОВОЈ НАЧИН ДА ГО КРЕИРАМЕ БУЏЕТОТ.

ИСТО ТАКА СМЕТАМ ДЕКА ЗАСЛУЖУВА ПОСЕБНО ВНИМАНИЕ И ТРЕБА ДА СЕ ИСТАКНЕ И ТОА ДЕКА КАКО ОПШТИНА СМЕ ПРОГЛАСЕНИ ОД СТРАНА НА ЦЕНТАРОТ ЗА ГРАЃАНСКИ КОМУНИКАЦИИ СКОПЈЕ,- ЗА НАЈТРАНСПАРЕНТНА ОПШТИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СПОРЕД ИНДЕКСОТ НА АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ. ОВА НАВИСТИНА Е ПРИСТОЕН И ПОСАКУВАН ЕПИТЕТ. МОРА ДА СЕ ПРИЗНАЕ ДЕКА ВО ОВА ТУРБУЛЕНТНО ВРЕМЕ, ВРЕМЕ НА ПОЛИТИЧКИ КРИЗИ И ПОЛИТИЧКА НЕСТАБИЛНОСТ, ДА СЕ ДОБИЕ ЕДНО ВАКВО ПРИЗНАНИЕ ЗАСЛУЖУВА РЕСПЕКТ И ПОЧИТ.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ,

ИМАМЕ УШТЕМНОГУ ДРУГИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ КОИ ГИ РЕАЛИЗИРАВМЕ ВО МИНАТАТА ГОДИНА И УШТЕ МНОГУ ДРУГИ КОИ ПЛАНИРАМЕ ДА ГИ РЕАЛИЗИРАМЕ ВО ГОДИНАТА ШТО ДОАГА, НО ВО ИНТЕРЕС НА ВРЕМЕТО ЌЕ КАЖАМ ДЕКА ЕВЕ НА КРАЈОТ НА ОВАА 2016ГОДИНА СИТЕ НИЕ ИМАМЕ ЛИЧНИ И ЗАЕДНИЧКИ ПЛАНОВИ И ПРЕДИЗВИЦИ КОИ ГИ ПЛАНИРАМЕ ДА ГИ ОСТВАРИМЕ ВО 2017 ГОДИНА, НО И ЈАС И ВИЕ- СЕКОЈ НА СВОЈ НАЧИН, СЕКОЈ ВО РАМКИТЕ НА СВОЈАТА ПРОФЕСИЈА, ДЕЈНОСТ И РАБОТА ЈА ИМАМЕ ТАА ЧЕСТ, ДОЛЖНОСТ И ОБВРСКА ДА РАБОТИМЕ НА ПОЛЕТО НА ИЗГРАДБА НА ПОМОДЕРНА, ПОПРОСПЕРИТЕТНА И ПОРАЗВИЕНА ОПШТИНА КТИВА ПАЛАНКА. ТОА МОЖЕМЕ ЗАЕДНИЧКИ, И СО МНОГУ ТРУД И РАБОТА. ЗА ТАА ЦЕЛ ВЕ ПОВИКУВАМ СИТЕ ВАС ДА ВО НАРЕДНАТА 2017 ГОДИНА ЗАЕДНИЧКИ ДА СЕ ВЛОЖИМЕ ЦЕЛОСНО ВО ПРОЦЕСОТ НА ГРАДЕЊЕ НА КРИВА ПАЛАНКА ДА ГО ТРАСИРАМЕ НЕЈЗИНИОТ ПАТ КОН РАЗВИЕНА ОПШТИНА , ДА ПРОДОЛЖИМЕ СО УПОРНА РАБОТА ЗА НАШАТА ОПШТИНА И ЗА ГРАЃАНИТЕ НА КРИВА ПАЛАНКА.

КАКО ОПШТИНА НО И КАКО ЛУЃЕ МОРА ДА ИМАМЕ САМОДОВЕРБА И ДА БИДЕМЕ ЗАДОВОЛНИ ОД СРАБОТЕНОТО ОД ГОДИНАТА ШТО ИЗМИНУВА, НО УСПЕХОТ МОЖЕМЕ ДА ГО ДОСТИГНЕМЕ САМО АКО ВЕРУВАМЕ ДЕКА МОЖЕМЕ УШТЕ ПОДОБРО И УШТЕ ПОУСПЕШНО ДА РАБОТИМЕ, ДЕКА СМЕ СПОСОБНИ ДА НАПРАВИМЕ ПОВЕЌЕ И ПОВЕЌЕ ДА ПОСТИГНЕМЕ ДА ГИ НАДГРАДУВАМЕ СОПСТВЕНИТЕ КАПАЦИТЕТИ, ДА РАЗМИСЛУВАМЕ ПОЗИТИВНО. ТОА ГО МОЖЕМЕ СО УПОРНА РАБОТА И СО ИСКРЕНА СОРАБОТКА , СО НОВИ ДОСТИГНУВАЊА И ПРОЕКТИ, А НАЈГОЛЕМОТО ПРИЗНАНИЕ ДА НИ БИДЕ - ЗАДОВОЛНИОТ ГРАЃАНИН.

НА КРАЈОТ НА СИТЕ ВАС И НА ВАШИТЕ СЕМЕЈСТВА ВИ ПОСАКУВАМ УСПЕШНА, ПЛОДНА И ПРОСПЕРИТЕТНА НОВА 2017 ГОДИНА, СРЕЌНИ И БЕРИКЕТНИ БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ. БИДЕТЕ ВО ДОБРО ЗДРАВЈЕ И ПОЛНИ СО ЉУБОВ, ЕНТУЗИЈАЗАМ И САМОПРЕГОРНА ЖЕЛБА ЗА РАБОТА. НЕКА НЕ ВОДИ СПЛОТЕНОСТА, МИРОЉУБИВОСТА И МИЛОСРДИЕТО ВО ДУШАТА И СРЦЕТО, А РАЗБИРАЊЕТО И УБАВИОТ ЗБОР НЕКА БИДАТ НАШИОТ ГОВОР НА СЕГАШНОСТА, А НЕ НА ИДНИНАТА.

НЕКА ВИ Е СРЕЌНА И БЕРИЌЕТНА НОВАТА 2017ГОДИНА И УШТЕ ЕДНАШ НЕКА БОЖИЌНИТЕ ПРАЗНИЦИ ДОНЕСАТ СРЕЌА, РАДОСТ ЉУБОВ И ТОПЛИНА ВО ВАШИТЕ СРЦА И ВО ВАШИТЕ СЕМЕЈСТВА!

БЛАГОДАРАМ!